Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020

# Извадок на дел од дневни настани 05.10.2020

На 04.10.2020 околу 11.30 часот во тетовска Мала Речица, полициски службеници на СВР Тетово го привеле С.С.(55) од ова село, осуден на затворска казна за сторени кривични дела „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи" и „ фалсификување пари". По приведувањето, С.С. бил спроведен во Казнено-поправната установа - Затвор Тетово во Тетово за издржување на казната.

На 04.10.2020 во 12.40 часот, полициски службеници од Полициска станица Гостивар го привеле Д.Б.(28) од Гостивар, кој што се барал врз основа на судска наредба за издржување казна затвор. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа - Затвор Тетово за издржување на казната.

На 04.10.2020 во 16.15 часот, полициски службеници од Полициска станица Гостивар го привеле М.А.(25) од Гостивар, кој што се барал врз основа на судска наредба по чл.235 став 3 од Кривичниот законик за издржување казна затвор. Тој бил спроведен во Казнено-поправната установа - Затвор Тетово за издржување на казната.

На 04.10.2020 во 20.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје во Нерези го лишиле од слобода С.С.(26) од Скопје затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана и метална дробилка. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04.10.2020 во 13.15 часот, полициски службеници од СВР Скопје на локалниот пат за с.Ајватовци, го лишиле од слобода Т.К.(35) од Скопје затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04.10.2020 во 23.00 часот било пријавено дека на ул.„Алексо Демниевски" во Велес, А.С.(24) од Велес, управувајќи мотоцикл „баотиан" со велешки регистарски ознаки, удрил во бетонски рабник на коловозот. Во незгодата, мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Општата болница Велес. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Велес.

На 05.10.2020 во 01.00 часот во СВР Охрид бил задржан С.Е.(34) од Р.Албанија поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама" по член 247 од Кривичниот законик на РСМ и во текот на денот ќе биде спроведен до Основен Суд Охрид.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Б.Р.38) од тетовското село Желино поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Тој, во текот на 2019 година, како сопственик на локација во населбата „Елен Камен", атар на струшкото село Калишта, без соодветно одобрение и спротивно на основниот проект, започнал со изградба на викенд куќа.

На 04.10.2020 во 22.35 часот на ул.„Кеј 13ти Ноември", во Градскиот трговски центар од полициски службеници од СВР Скопје бил приведен А.И.(35) од Скопје бидејќи го нарушил јавниот ред и мир. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 4, 6 и 13 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 04.10.2020 во 21.35 часот во СВР Скопје, С.П.(21) од Скопје пријавил дека на ул.„Атинска" С.С. (21) од Скопје агресивно се однесувал кон него. С.С.(21) од Скопје бил приведен и сочинет е записник за констатиран прекршок по член 4, член 13 и член 6 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 04.10.2020 околу 05.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека непознат сторител со употреба на сила влегол во спортска обложувалница на ул.„Ѓорги Поп Христов"и одзел пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Х.Ц.(26) и В.Д.(26), двајцата од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштење во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори" и „овозможување на употреба наркотични дроги". На 14.10.2019 на локалниот пат Сараќино -Желино, тетовско, полициски службеници сопреле патничко возило во кое биле пријавените и при нивен преглед пронашле и одзеле марихуана и таблети метиелен-диоксиметамфетамин (MDMA).

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Д.И.(61) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 15.11.2019, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот во Тетово, при што пронашле и одзеле хероин.

ОВР Кочани поднесе кривична пријава против М.В.(23) од с.Прибачево, кочанско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 18.04.2019, полициски службеници извршиле претрес во домот на дедото на пријавениот во нас.Оризари, при што пронашле и одзеле семки од растението Cannabis Sativa.

СВР Скопје- Единица за насилен криминал до Основно јавно обвинителство во Скопје, поднесе кривична пријава против Х.С.(19) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело убиство во обид, казниво по член 123 во врска со член 19 од Кривичниот законик. На 16.04.2020 во атарот на село Петровец, пријавениот, по претходна вербална расправија поради фамилијарни проблеми и нетрпение, со тврд предмет го нападнал Е.Л.(39) од Скопје, по што со пиштол испукал неколку куршуми кон него.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет